РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2090/1
10-06-2021

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 48-та седница, одржано на ден 08.06.2021 година, донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-4180/1 од 05.09.2019 година доставена од познат подносител СЕ ЗАПИРА.

Државната комисија нема доволно елементи за да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-4180/1 од 05.09.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Врз основа на пријава од лицето ----------- оформен е предмет број 09-4180/1 од 05.09.2019 година со наводи за судир на интереси кај службеничка, вработена во одделението за урбанизам во Општина ---------- во постапка за издавање на дозвола за градба. Наведено е дека службеничката го направила планот за градба со добивка.

Во пријавата немаше наведено адресни податоци за лицата за кои пријавителот смета дека се во состојба на судир на интереси и за кои Државната комисија треба да поведе постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Понатаму од пријавата не можеше да се утврди во кој дел од постапката за доделување на дозвола за градба службеничката има приватен интерес кој влијае или може да влијае во остварување на своите јавни овластувања и должности.

За таа цел, Државната комисија побара допрецизирање на пријавата од пријавителот во однос на тоа во кој дел од постапката за градба треба да се покрене состојба за утврдување на судир на интереси кај службеничката која е пријавена, дали истата е во роднинска врска со

лицето кое ја добило наведената дозвола, како и да се достават податоци за наведената службеничката.

Подносителот на пријавата не достави одговор по наведените прашања, односно не ја допрецизира пријавата, по што Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**М-р Шемши Салаи**

По заклучок на ДКСК
Изработил: С.М – виш соработник
Одобрил: м-р В.Ѓ, Член на ДКСК